ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

Друштво за производство на топлинска енергија
ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 05-993/1
31.12 2024 год.
СКОПЈЕ

**Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК Бр.01-1/2024
## За прибирање на понуди за набавка на резерви за алтернативно гориво-мазут за 15 дена работење на топланите

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Договорен орган по Јавен повик бр.01-1/2024 е ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Тодор Александров бр.6, Гази Баба, 1000 Скопје.

1.2. Предмет на набавка е **масло за горење-мазут** со следните технички карактеристики:

**-Тип М-1 НС со максимална содржина на сулфур до 1%, согласно Македонскиот стандард за течни горива МКС.Б.Х2.430 (МКС.Б.Х2.430) или стандард кој е еквивалентен.**

1.3. Продавачот е должен да достави Сертификат за квалитет на маслото за горење-мазут.

1.4. Понудата не е делива.

1.5. Испораката на мазутот треба да се врши согласно нарачаните количини од договорниот орган, во рок од 24 часа од приемот на нарачката, до максимални дневни количини од 500.000kg, во било кој период од времетраењето на рамковната спогодба.

1.6. Со избраниот понудувач ќе се склучи Рамковна спогодба за набавка на масло за горење-мазут, во количини од 0 до 11.000.000 kg, за периодот до 30.04.2025 година.

1.7. Повикот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица регистрирани за ваква дејност.

1.8.Понудувачите со понудата да достават-**Изјава за сериозност на понудата** (дадена во прилог на тендерската документација),односно:

- понудата да има правно обврзувачка сила во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

1.9. Рокот за доставување на првични понуди по Јавниот Повик бр.01-1/2024 е на 08.01.2025 година, во период од 11:00 часот до 11:30 часот на e-mail адреса: esm-proizvodstvo@elem.com.mk.

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата се доставува на Образец бр.1 дадена во прилог на тендерската документација.

2.2. Изјава од одговорно лице на понудувачот дека во цената се вкалкулирани сите царински давачки, такси и други доплнителни трошоци кои може да произлезат.

2.3. Единечна цена за масло за горење-мазут по kg, единечна цена транспорт по kg и вкупна единечна цена.

2.4. Цената да биде изразена во македонски денари, без пресметан ДДВ.

2.5. Рок и место на испорака. Носителот на набавката е должен да го испорачува предметот на договорот согласно дефинираната динамика и налозите за испорака кои ќе се издаваат од Договорниот орган и тоа до Топланите на ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје: Топлана Запад(Тафталиџе-Скопје) и Топлана Исток (Ќерамидница-Скопје).

2.6. Носителот на набавката е должен да врши достава на нарачаните количини на масло за горење-мазут во рок не подолг од 24 часа од приемот на нарачката.

2.7. Економскиот оператор ќе го декларира и ќе го фактурира мазутот според неговата тежина или волумен утврдени преку мерни инструменти за контрола на квантитетот на нафтените деривати одобрени од страна на надлежниот државен орган - Бирото за метрологија. Договорниот орган има право во секое време да побара од економскиот оператор да достави верификационен сертификат за мерните инструменти издаден од Бирото за Метрологија на Р.С. Македонија.

2.8. За извршениот утовар на мазут се издава Товарен лист со кантарска белешка од извршеното вагање со податоци за бруто, тара и нето тежина изразени во килограми. Квалитетот на испорачаните нафтени деривати мора да одговара на важечкиот стандард за квалитет определен за мазутот, односно на важечкиот Правилник за квалитетот на течните горива.

2.9. Жалба за количината на истоварен мазут може да се поднесе од страна на договорниот орган, доколку се утврди дека истоварената количина на мазут не одговара со декларираната количина наведена на товарниот лист. Контрола на количината на мазут овластеното лице на договорниот орган може да побара од возачот на автоцистерната пред кинење на пломбите, со упатување на автоцистерната на одредено место заради мерење на вага. Вагата на која ќе се врши мерењето треба да поседува валиден сертификат за баждарено мерило издаден од институција надлежна за издавање на такви сертификати во Р.С.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
тел.:+389 (0)2 31 49 233, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.esm.com.mk,
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

Македонија (Биро за метрологија). Се прави мерење на автоцистерната (полна пред почетокот на истоварот и празна по завршеток на истоварот) со задолжително присуство на овластено лице од страна на договорниот орган и возачот на местото на мерењето.

2.10. Сите трошоци за контролата на количината на мазут на крај ќе ги сноси страната за која резултатите се неповолни.

2.11. Корекција на цената на предметот на Рамковната спогодба за јавна набавка ќе се врши во зависност од промената на цената на мазутот од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија и водни услуги, на тој начин што соодносот меѓу понудената крајна цена за мазутот и највисоката цена за мазутот, определена од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија, важечка во времето на поднесување на крајната цена од економскиот опратор, ќе се користи како корективен фактор при определувањето на цената на мазутот во сите испораки во текот на времетраењето на рамковната спогодба.

2.12. Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на Рамковната спогодба за јавна набавка ќе се користат тековните Одлуки за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати од Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија и водни услуги кои што се во важност во периодот на испораката на мазутот.

2.13. Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1. Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:
-Скенирани оригинали, заверени со печат и потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: esm-proizvodstvo@elem.com.mk;
-Електронски потпишана понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: esm-proizvodstvo@elem.com.mk.

## 4. ПОСТАПКА ЗА ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

4.1. Постапката за прием, отворање и евалуација на понудите ќе се одвива во 3 (три) круга:
- Првична понуда;
- Подобрена понуда и
- Конечна понуда.

4.2. Првична понуда: доставување на 08.01.2025 година во период од 11:00 часот до 11:30 часот на е-маил адреса: esm-proizvodstvo@elem.com.mk.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
тел.:+389 (0)2 31 49 233, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.esm.com.mk,
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

ECM
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

4.3. Подобрена понуда:доставување на 08.01.2025 година во период од 12:00 часот до 12:30 часот на е-маил адреса: esm-proizvodstvo@elem.com.mk.

4.4. Конечна понуда:доставување на 08.01.2025 година во период од 13:00 часот до 13:30 часот на е-маил адреса: esm-proizvodstvo@elem.com.mk.

4.5. Важност на понудата: понудата треба да е со важност минимум 30 дена.

4.6. Известување за избор на најповолна понуда, до понудувачите кои учествувале на јавниот повик бр.01-1/2024 ќе се достави најдоцна до 08.01.2025 година до 16 часот.

4.7. Потпишување на Рамковна спогодба (модел на рамковна спогодба дадена во прилог на Тендерската документација) најдоцна до 10.01.2025 година до 12:00 часот.

4.8. Доколку се појават понуди со исти цени, ќе биде избрана понудата на економскиот оператор кој прв ја доставил понудата.

4.9. Во случај на неможност да се склучи договор со понудувачот прворангирана понуда, се избира второрангирана понуда која ги исполнува условите наведени во овој јавен повик.

4.10. ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје го задржува правото да ја поништи постапката и да не изврши избор по Јавен Повик бр.01-1/2024.

За сите прашања во врска со Јавниот Повик бр.01-1/2024 може да се обратите на e-mail:esm-proizvodstvo@elem.com.mk.

**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

**Управител**

**Бобан Максимовски**